**ОПШТИНА КОЧАНИ**
Уп 1 бр: 22-436
17.09.2020 година

Врз основа на член 29 од законот за Урбано Зеленило („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18) по барање на правното лице **Општина Кочани – одделение за уредување на градежно земјиште** со седиште на ул. **„Раде Кратовче“ бр.1 Кочани**, Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило и тоа**: 92 drva од кои се ( шеесет и шест (66) ореви, дванаесет (12) багреми, пет (5) липи, три (3) тополи, две (2) маслинки, две (2) црници и две (2) сливи),** кои дрва се наоѓа на ул. **„Гоце Делчев“** бр. **ББ Кочани** на **КП 16759/1 КО Кочани** запишана во **ИМ бр.5** со право на сопственост на **Република Македонија.**
2. Сечењето на дрвата, како и расчистувањето на гранките ќе го изврши, односно организира барателот, најдоцна во рок од **30** дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвата, како и расчистувањето на гранките да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правното лице **Општина Кочани – одделение за уредување на градежно земјиште** со седиште на ул. **„Раде Кратовче“** бр.**1 Кочани,** поднесе барање за решение за отстранување на зеленило со број **Уп 1 бр.22-436** од **16.09.2020**год. за дрва кои се наоѓаат на ул. **„Гоце Делчев“** бр. **ББ Кочани** на **КП 16759/1 КО Кочани** запишана во **ИМ бр.5** со право на сопственост на **Република Македонија.**

Вработени стручни лица, од Општина Кочани заедно со стручните лица од КЈП „Водовод“ Кочани, го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на лице место на посочената локација на ден 17.09.2020год. Констатирано е дека дрвата кои се за сечења се шеесет и шест (66) ореви, дванаесет (12) багреми, пет (5) липи, три (3) тополи, две (2) маслинки, две (2) црници и две (2) сливи. Дрвата кои се предмет на остранување на ова барање ќе бидат остранети поради реализација на проектот за регулација на дел од Кочанска река – општина Кочани, со тех.бр KO-IV-119/4 на потегот од последниот сообраќаен мост до мостот кај м.в. Бавџалук.. Согласно член 8 односно член 9 од законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за Јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение, врши јавно претпријатие основано од општината или правно лице регистрирано за вршење на овие дејности согласно закон.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Изготвил:

**Александар Велков**

Контролирал

Помошник раководител на сектор
**Марија Салтирова Јовановска**

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
По овластување на Градоначалникот
Бр.08-8/5 од 10.06.2019год.
Помошник раководител на сектор за урбанизам

**Марија Салтирова Јовановска**